# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОНДОТ ЗА СОЛИДАРНА ПОМОШ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА СУДИИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

чл.1.

Во чл.3 се менува ставот 1 и истиот гласи:

Дел од членарината на членовите на Здружението на судиите на Република Македонија,во висина од 1/4 (една четвртина) се издвојува за Фондот за солидарна помош.

чл.2

Во чл.4 од постоечкиот Правилник се додава нови ставови 2 и 3 и гласат

(2)Доколку износот на средства на сметката на Фондот за солидарна помош се зголеми петкратно за една година, со одлука на Управен одбор на Здружението на судиите на РМ може да се изврши нивна пренамена

(3)Овој износ се утврдува почнувајќи од првиот месец по донесување на одлуката на Управен одбор за месечно идзвојување на средства за Фондот за солидарна помош на ЗСРМ.

чл.3

Во чл.9 од постоечкиот Правилник се менуваат ставовите 1 и 2 и истите гласат:

(1) Во случај членот на фондот,поради несреќа во текот на работата,или за време на доаѓање на работа,или при враќање назад до местото на живеење,претрпи телесно оштетување до 70% има право на еднократен парична помош во висина до 70% од просечната плата исплатена во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

(2) Во случај членот на фондот,поради несреќа во текот на работата,или при доаѓање на работа,или при враќање назад до местото на живеење,претрпи телесно оштетување до 100% има право на еднократен парична помош во висина од просечната плата исплатена во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Во чл.9 од постоечкиот Правилник се додава нов став 4 кој гласи

(4) Исплатата на причната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

чл.4

Во чл.10 од постоечкиот Правилник се менува ставот 1 и гласи

(1 )Во случај на смрт на член на Здружението,семејството на починатиот има право на еднократна парична помош во висина од една просечна плата исплатена во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Во чл.10, ст2 од постоечкиот Правилник, зборовите „паричен надомест“ се заменуваат со зборовите „парична помош“.

Во чл.10 од постоечкиот Правилник се додава нов став 3 кој гласи

(3) Исплатата на причната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

чл.5

Во чл.11 од постоечкиот Правилник се менува ставот 1 и гласи

(1)Во случај членот на Здружението да претрпи потешки последици од елементарни непогоди(поплава,земјотрес,пожар и др.)на објект во кој што живее тој и неговото семејство,има право на парична помош во висина од најмногу две просечни плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика..

Во чл.11 од постоечкиот Правилник се додаваат два нови ставови 3 и 4 кои гласат

(3) Барањето за парична помош по овој основ се доставува во рок од 60 дена од настанување на елементарната непогода.

(4) Исплатата на причната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

чл.6

Во чл.12 од постоечкиот Правилник се менува ставот 2 и гласи

Во случаите од ст.1 на овој член,кога на членот на Здружението или сопруг/а и неговите деца со кои живее во иста семејна заедница му е одобрено лекување во земјава или странство,со решение издадено од Фондот за здравство при Министерството за здравство, правото на парична помош се остварува само на делот кој што самиот го партиципирал за лекување во странство,но не повеќе од две просечни плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Во чл.12 од постоечкиот Правилник се додава нов став 4 и гласи

Исплатата на причната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

чл.7

Во чл.14 од постоечкиот Правилник се менува ставот 2 и гласи

За исклучителни случаи кои што не се предвидени во овој Правилник,Комисијата одлучува за парична помош којашто не е повисока од една просечна плата исплатена во Република Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Скопје, 21.12.2017 година.